Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-431/1
Датум: 28.04.2026

Постапувајќи по претставка бр. 08-750/1 од 27.10.2025 година поднесена од ---- и претставката бр. 08-762/1 од 28.10.2025 година поднесена од ---- против ----, советник во Општина ---- за заштита од вознемирување и повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација врз основа на национална и етничка припадност и припадност на маргинализирана група во областа на медиумите и јавното информирање, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, врз основа на член 21, став 1 точка 14 и член 27, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен Весник на Р.С. Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020) го донесе следното

## М И С Л Е Њ Е

**СЕ УТВРДУВА ПОВЕЌЕКРАТНО И ПРОДОЛЖЕНО ВОЗНЕМИРУВАЊЕ** врз основ на етничка припадност и припадност на маргинализирана група во областа на медиумите и јавното информирање, сторено од страна на ---- кон припадниците на ромската етничка заедница.

## О б р а з л о ж е н и е

На 27.10.2025 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше поднесена претставка за заштита од вознемирување и повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација од страна на подносителите ---- против советникот ---- од советот на Општина ----. На 28.10.2025 година беше поднесена претставката за заштита од вознемирување против истиот потенцијален дискриминатор, исто така во на медиумите и јавното информирање од страна на подносителите ----. Имајќи предвид дека двете претставки се однесуваат на иста правна работа и против истото лице, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ги спои двете постапки во една.

Во претставката на ---- подносителите наведуваат дека советникот во советот на Општина ---- на својата Фејсбук страница користел вознемирувачки и деградирачки говор кон ромската заедница, со повикување да се одземе правото на глас на граѓани од одредени населби во општина ----, во кои живее ромска популација. За овие наводи, во претставката подносителите доставуваат и веб адреса од видео на Фејсбук страната на советникот, во кое тој го користи вознемирувачкиот и деградирачкиот говор.

Во претставката подносителите ги цитираат изјавите на советникот за кои сметаат дека се вознемирувачки и деградирачки кон ромската заедница. Имено, на 04:18 минута од видеото се посочува дека советникот изјавува: *"Во Криволак ... ова се однесува за ѓупците во Криволак, ѓупска работа и ѓупците ќе решаваат во Општина ---*

-. *Нас на 15920 гласачи 1000 ѓупци ќе ни кажуваат што да правиме ... ѓупците треба да им се забрани да гласаат".* Понатаму, на 06:23 минути од видеото се посочува дека советникот изјавува: *"Од 80577 гласа .... Ѓупа дојде да ни кажува ние во каков град ќе живееме".*

Подносителите наведуваат дека советникот на 23.10.2025 на својата Фејсбук страна во писмен коментар тврдел дека навредите не се однесувале на Ромите, а на истиот датум на истата страна објавил видео во кое изјавил дека *"Ромите треба да им се извинат на Македонците",* што според подносителите јасно покажува дека советникот ја таргетирал ромската заедница.

Подносителите наведуваат дека антициганизмот како специфична форма на расизам насочена против ромската заедница често се манифестира преку јазик, симболи и термини кои историски биле користени за стигматизација и деградација на Ромите. Во конкретниот случај, употребата на терминот "ѓупци" од страна на советникот претставува јасен симболички облик на антициганизам, бидејќи овој термин е историски поврзан со ромската заедница и има длабоко навредлива и дискриминаторска конотација. Употребата на овој термин во конотација со повиците за укинување на гласачкото право, обвинувањата за криминал и поткопување на легитимитетот на ромските гласачи, јасно покажува дека целна група на изјавите се Ромите. Според подносителите ова доведува до нарушување на достоинството на цела заедница и создава непријателска, навредлива и деградирачка средина, што претставува вознемирување во смисла на Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Во претставката од подносителите ---- се посочува истата видео објава на советникот и се посочуваат истите изјави од претставката на ---- како вознемирувачки не само кон Ромите од Општина ----, туку и пошироко во општеството.

Во претставката дополнително се наведува дека на објавата на советникот имало доста коментари кои праќаат јасни пораки на неприфатливост на навредливата реторика на јавен функционер и потребата од институционална реакција во однос на недискриминација.

Воедно, подносителите наведуваат дека советникот на 24.10.2025 излегол со јавен демант во кој тврди дека терминот "ѓупци" не алудирал на етничка припадност туку на човек без чест и достоинство, без разлика на етникумот и дека Ромите не биле споменати или навредени во неговата објава, а дека "ѓупска работа" во ---- значело "кражба". Подносителите сметаат дека иако формално ова се претставува како демант, ваквата изјава на советникот дополнително го продлабочува проблемот. Наместо да понуди извинување или повлекување на навредливите зборови, тој повторно ја оправдува својата реторика и ја релативизира употребата на расистичките изрази. Според наводите во претставката ваквото објаснување во суштина

претставува т.н расен код, каде што преку наводно “универзално значење” се прикрива дискриминаторската намера и ефект врз специфична заедница, социјално препознаена од ваквиот термин. Како што е документирано во социолошката и правната литература ваквите “етнички шифри” се користат за да се избегне директна одговорност, но во контекстот и јазикот што го користи заедницата, тие несомнено имаат етнички набој и ефект.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 24, став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација до советникот ---- достави барање за произнесување по двете претставки. Советникот во законски предвидениот рок, а и до денот на носењето на ова Мислење не се произнесе по наводите од претставките.

Имајќи ги предвид наводите од двете претставки, како и доставениот доказ – веб адреса од спорното видео, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација во конкретниот случај одлучи дека советникот ---- сторил продолжено и повеќекратно вознемирување врз основа на етничка припадност и припадност на маргинализирана група врз ромската етничка заедница од Општина ---- во областа на јавното информирање и медиумите.

Во посоченото видео неспорно е дека советникот на 04:18 минута изјавува: *“Во Криволак ... ова се однесува за ѓупците во Криволак, ѓупска работа и ѓупците ќе решаваат во Општина ----. Нас на 15920 гласачи 1000 ѓупци ќе ни кажуваат што да правиме ... ѓупците треба да им се забрани да гласаат”.* Понатаму, на 06:23 минути од видеото се посочува дека советникот изјавува: *“Од 80577 гласа .... Ѓупа дојде да ни кажува ние во каков град ќе живееме”.* Исто така, неспорно е дека советникот на видео објавено на неговата Фејсбук страница на 23.10.2025 изјавува дека *“Ромите треба да им се извинат на Македонците”.*

Ваквите изјави го нарушуваат достоинството на Ромите од Општина ----, но и пошироко, создаваат понижувачка, непријателска и заканувачка средина, односно претставуваат воознемирување, во смисла на чл. 10, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, кој пропишува дека:

*“Вознемирувањето претставува несакано постапување кон лице или група лица врз дискриминаторски основи што има за цел или последица, повреда на достоинството или создавање на заканувачка, непријателска, понижувачка или застрашувачка средина, пристап или практика.”*

Дополнително, Европскиот суд за човекови права во својата пракса јасно утврдува дека јавните функционери имаат зголемена одговорност за своите изјави, бидејќи нивниот општествен статус им дава поголемо влијание врз јавноста, па затоа и последиците од нивните изјави се посериозни. Така, во предметот *Féret v. Belgium,* кој

се однесува на политичар кој ширел ксенофобичен говор, Судот нагласува дека политичарите имаат зголемена одговорност да избегнуваат говор што поттикнува нетолеранција заради нивната позиција. Во случајот *Erbakan v. Turkey,* кој се однесува на поранешен премиер, Судот констатира дека политичарите мора да покажат посебна внимателност во своите изјави, бидејќи нивните изјави може да поттикнат поделби или омраза. Во случајот *Castells v. Spain,* Судот ја штити слободата на изразување на опозициски политичар, но прави јасен баланс утврдувајќи дека јавните функционери имаат широка слобода на критика, но истовремено нивниот статус значи дека нивните зборови имаат поголемо јавно влијание.

Имајќи предвид дека во конкретниот случај вознемирувачкиот говор ги таргетира Ромите врз основа на две заштитни карактеристики - нивната етничка припадност и припадност на маргинализирана група, Комисијата за спречување и дискриминација одлучи дека станува збор за потежок облик на дискриминација, односно повеќекратна дискриминација. Дополнително, имајќи предвид дека спорното видео на денот на носењето на ова мислење беше се уште активно и објавено на Фејсбук страната на советникот и истото врши вознемирување во континуитет подолг временски период, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи дека во конкретниот случај станува збор и за потежок облик на дискриминација во форма на продолжена дискриминација.

Оттука, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на ова Мислење и согласно член 27, став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, ја донесе следната:

## П Р Е П О Р А К А

СЕ ПРЕПОРАЧУВА советникот ---- да го избрише спорното видео, објавено на неговата Фејсбук страна на 22.10.2025 со вознемирувачка содржина кон ромската етничка заедница, **најдоцна во рок од 30 дена од денот на приемот на ова мислење и за истото да ја извести Комисијата.**

СЕ ПРЕПОРАЧУВА советникот ----, во насока на отстранување на последиците од утврденото вознемирување, јавно да упати извинување до ромската етничка заедница. Извинувањето да биде објавено во форма на видео порака на неговата Фејсбук страница, на ист или споредлив начин на кој било извршено вознемирувањето, **најдоцна во рок од 30 дена од денот на приемот на ова мислење.**

СЕ ПРЕПОРАЧУВА советникот ---- во иднина да се воздржи од објавување, ширење или поддржување содржини кои претставуваат или можат да претставуваат вознемирување во смисла на Законот за спречување и заштита од дискриминација, врз основа на етничка припадност, припадност на маргинализирана група или по било која друга заштитена основа.

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација

Претседател
Душан Томшиќ

Доставено до:

- ----.
- ----
- ----